Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 35, 15 февруари 2010 година

февруари 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *интерна медицина* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ................ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *радиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .................................... 23

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *протетика* на студиска програма на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .................... 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *офталмологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .................................................................. 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *медицинска генетика и хистологија со ембриологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............. 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *фармакоинформатика* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .......... 51

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *трансфузиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............. 55

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *офталмологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип..................................................................... 58

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област *геофизика* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ......................................................................................................... 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ МЕДИЦИНСКА ГЕНЕТИКА И ХИСТОЛОГИЈА СО ЕМБРИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука бр. 2502-112/4 од 19.11.2009 год. за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научното подрачје ***медицинска генетика и хистологија со ембриологија*** на Факултетот за медицински науки. На 16.12.2009 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-118/31 и Решение бр. 2502-118/ 80 - претседател, 2502-118/81 - член и 2502-118/82 - член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *медицинска генетика и хистологија со ембриологија* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. проф. д-р Никола Силјановски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје;
2. проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор на Факултетот за медицински науки;
3. проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор на Факултетот за медицински науки.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 25.11.2009 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката доц. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска.

Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Мирјана Ќаева-Пејковска** е родена во 1955 година, во Гевгелија. Завршува средно и високо образование во Скопје.

Избрана е за универзитетски наставник во наставно-научно звање доцент на Универзитетот Американ колеџ во Скопје, за што приложува Одлука за избор и Билтенот број 7 од 25.10.2007 година, во кој се содржи рефератот за изборот (стр. 13-23) на овој Универзитет.

Во 2007 година со Одлука на Наставничкиот совет на Високата медицинска школа во Битола (бр.07-311/6 од 31.5.2007 година) е избрана за професор по предметот Педијатрија и неонатологија со нега, за што исто така приложува Одлука и Билтен.

Во 2006 година е определена за национален соработник на Министерството за здравство со Светската здравствена организација во областа на менталното здравство. Исто така, именувана е за национален координатор за ментално здравје на Република Македонија и претседател на Националната комисија за заштита на менталното здравје, како и претставник на Република Македонија во Постојаниот комитет на Регионалниот проект за ментално здравје, кој се одвива во рамките на Здравствената мрежа на земјите од Југоисточна Европа - Пакт за стабилност во ЈИЕ.

Во 2003 година на Медицинскиот факултет во Скопје успешно ја одбранува докторската дисертација на тема *„Епидемиолошките аспекти на менталната субнормалност во Република Македонија”.*

Во 2001 година е претседател на Управниот одбор на Здравствениот дом на Скопје.

Во 2001 година се стекнува со звање примариус од областа на педијатријата.

Од 2000 година и сега е управник на Заводот за ментално здравје на деца и младинци

„Младост" во Скопје. На оваа раководна функција презема бројни и одговорни задачи во областа за едукација на кадри (предавања и вежби за студенти на повеќе факултети) и за креирање и имплементација на мерки за организација и унапредување на здравствената заштита.

Од 1998 година е началник на Медикогенетското советувалиште со Цитогенетската лабораторија во Заводот за ментално здравје.

Во 1994 година е вработена во Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" при Здравствениот дом на Скопје, на работното место лекар-педијатар генетичар.

Во периодот од 1990 до 1994 година специјализира на Клиниката за детски болести при Медицинскиот факултет во Скопје и се стекнува со звањето лекар специјалист од областа на педијатријата.

Од 1980 година е вработена во Здравствениот дом во Скопје, во примарна здравствена заштита, потоа во превентивната дејност во Домот.

Во 1980 година дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје со највисок просек во својата генерација. За време на студиите добива дипломи за најдобар студент во генерациите 1975/76 и во 1976/77 година. За време на студирањето во 1978 година остварува едномесечна студентска лекарска практика во Мадрид, Шпанија.

***Други активности и достигнувања***

Во 2003 година во Римини, Болоња, Италија, остварува престој и размена на искуства за едукацијата и вклучувањето на децата со посебни потреби во образовниот процес. Во јануари 2001 година во Милано, Италија, се едуцира за работата на одделни институции од областа на менталното здравје. Во март 2001 година остварува едномесечен студиски престој во Универзитетската болница во Грац, Австрија, од областа на педијатриските психосоматски болести, од областа на невропедијатријата и од детската психотерапија.

Во 1998 година два месеца престојува во Чикаго, Илиноис и во Милвоки, Висконсин, САД, од областа на едукацијата на деца со специјални потреби и нивно интегрирање во социјалната заедница.

Во 1997 година остварува тримесечен студиски престој во болницата Алегени во Питсбург, Пенсилванија, САД, каде што се усовршува од областа на генетиката и педијатријата. Во 1996 година престојува во Салзбург, Австрија, во рамките на светски афирмираниот Салзбург-семинар за лекари од областа на детската психијатрија.

Како соработник-истражувач учествува во реализацијата на проектот *„Клиничко неврофизиолошки истражувања кај хередо-дегенеративните заболувања"*, спроведен на Невролошката клиника при Медицинскиот факултет во Скопје. Соработува во проектите *„Изучување на молекуларните основи на фрагилниот X ментално ретардирачки хромозом"*, како и *„Изучување на молекуларните основи на а таласемија - ментално ретардирачкиот синдром (ATR-X синдром)"*, што се реализирани во Македонската академија на науките и уметностите.

Учествува во реализација на проектите *„Рано откривање и развој на стратегијата за психосоцијална интервенција кај училишни деца со ризик"*, во организација на УНИЦЕФ и проектот *„Можеме заедно"* во организација на Институтот Отворено општество и Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" - Скопје. Како проект-администратор активно учествува во проектот *„Психосоцијална поддршка на привремено раселените лица"*. Член е на Координативното тело на проектот *„Унапредување на згрижувањето и третманот на децата со пречки во развојот"* што се остварува во рамките на Германско друштво за техничка соработка и Министертвото за труд и социјална политика.

Одлично зборува англиски јазик и поседува солидни информатички знаења.

Член е на комисиите за распоредување односно категоризациите за лицата со посебни потреби, за ортооптичко-плеоптичкиот наод, ги координира активностите за цитогенетски испитувања, психосоцијалната, емоционална и интелектуална зрелост или незрелост. Била член на Комисијата на Здравствениот дом - Скопје за предлагање на доделување на звањето примариус. Исто така, член е на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија (МЗБКИ).

Во рамките на општествената активност била активно вклучена во работата на органите и телата на студентите по медицина. По дипломирањето била лекар-едукатор во Црвениот крст на Македонија од областа на медицинската помош и заштита. Член е на Управниот одбор на Асоцијацијата на родители на Република Македонија во образованието и на Асоцијацијата „Стремеж”, како и на повеќе здруженија на лекари од областа на педијатријата, психијатријата и генетиката и тоа: Педијатриско здружение на Македонија, Здружение на неонатолози во Македонија, Организацијата на Црвениот крст на Македонија, Здружение на антрополозите од Македонија, Здружение за детска психијатрија на Македонија и Невролошка асоцијација на Македонија.

Исто така, таа е член на Здружението на генетичарите на Република Македонија и член на Надзорниот одбор на ова здружение. За активноста во овие здруженија е пофалувана и наградувана со бројни признанија и дипломи.

***Преглед на поважни трудови во последниве години***

Објавува над 110 научни и стручни трудови од областа на медицината, а во најголем дел од педијатријата и генетиката. Трудовите, авторски и коавторски, се објавени во домашни и во странски стручни списанија. Исто така, таа учествува на бројни конгреси, симпозиуми и семинари во земјава и во странство.

Автор е на книгата „Ментална субнормалност”, издадена во 2004 година, како и коавтор на книгата „Менталното здравје и училишниот успех”, издадена во 2002 година.

Во 2007 година издава учебно помагало (рецензирана скрипта) по предметот Педијатрија, како и „Практикум за вежби по педијатрија” кои се користат во наставата што ја изведува на Високата медицинска школа во Битола. На Универзитетот Американ колеџ во Скопје издава учебно помагало (рецензирана скрипта) по предметот Родови студии во 2008 година.

Во 2008 година издава скрипта-предавања, односно во завршна подготовка е учебник по Медицинска генетика за истоимениот предмет за кој изведува настава на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во учебната 2008/2009 година.

***Авторски трудови***

1. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (1981): „Рамните стапала во детската возраст”, сепарат од едукативната студија на Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, стр.1-14, Скопје.
2. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (1981): „Програма за работа и работните задачи на медицинската сестра во група-јасли,” Семинар за лекари од Македонија во здравствената заштита на мајка и дете, Скопје.
3. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (1981): „Програма за работа и работни задачи на тријажната медицинска сестра по работни единици со група деца” Семинар за лекари од Македонија во здравствената заштита на мајка и дете - Организирање на работата, стандардите и нормативите во предучилишните установи, Скопје.
4. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Анчевска, В. Хаџикостова, З. Тројачанец (1986): „Појава М-1 као један од фактора за одређивање биолошког узраста” XXV. Конгрес Антрополошког друштва Југославије, Зборник радова, стр.13, Приштина.
5. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Д. Милованчев, Б. Анчевска (1986): „Дијагностика и третман на инфекциите на параназалните празнини кај деца”, Македонски медицински преглед, 1986, 15 (4); 69, Скопје.
6. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Анчевска, В. Хаџикостова, З. Тројачанец (1987): „Дигитален индекс на стапалото кај деца од предшколска возраст,” Гласник АДЈ, 24/87 стр. 41-48. УДЦ: 611.98, научен прилог.
7. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (1988): „Физиолошките потреби - воспоставување и контрола во детската возраст”, V. Семинар за стручно усовршување на здравствено згрижувачкиот кадар во организациите за згрижување и воспитување деца од предучилишната возраст, Скопје.

8. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (1989): „Улогата на згрижувачкиот персонал во стекнувањето на хигиенските навики кај децата од предучилишната возраст”, VI. Семинар за стручно усовршување на здравствено згрижувачкиот кадар во орагнизациите за згрижување и воспитување деца од предучилишната возраст, Скопје.
9. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, С. Николовска, Б. Анчевска, Т. Јачоска (1994): „Телесен развој на претшколски деца”, Македонски медицински преглед, 1994 година, 48 (15); 189, Скопје.
10. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Анчевска, И. Двојаков, Љ. Станковиќ, Н. Милосављевиќ (1995): „Поренцефалична циста кај 4,5 годишно дете - приказ на случај”, XIV. Конгрес на лекари на Македонија - Зборник, Македонски медицински преглед, стр.X, Панел 15:369 А.
11. **Ќаева-Пејковска Мирјана,** Б. Анчевска (1996): „Неврокутана дисплазија Sturge-Weber syndrome - приказ на случај”, Прв конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, Зборник на резимеа, стр. 182.
12. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Апостолоски, Д. Ефински, Н. Јанева, С. Николова (1996): „Улога медикогенетског саветовалишта у превенцији психофизичкoг поремеќаја”, Југословенски педијатриски дани ’96, са медјународним учешчем, Зборник радова, стр. 55, Ниш, СР Југославија.
13. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Апостоловски, Б. Анчевска, С. Николова (1996): „Ретка форма на гонадална дизгенеза кај маж со хромозомска конституција 47,XYY,48,XXYY”, Прв конгрес на биолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, Зборник, стр. 33-36.
14. **Ќаева-Пејковска Мирјана,** Б. Анчевска, Д. Ефински (1996): „Дерматоглифски промени во целијакијата”, V. Конгрес на гастроентеролозите и хепатолозите, Охрид, Македонија, Зборник стр 151.
15. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Анчевска, Д. Ефински (1996): „Дерматоглифите во клиничката генетика”, Прв конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, Зборник на резимеа, стр. 198.
16. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Апостолоски, С. Николова (1996): “Asocial behaviour,epilepses and mental retardatiion at man with rare form of gonadal disgenesis 47,XYY/48,XXYY”, Scietific papers, 14, International conference on the therapeutic standards of pschiatric deseasse, Варна, Булгариа, Medical rewiev/96, Софија.
17. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Анчевска, Б. Апостолоски, С. Николова (1996): “Achondroplasia - приказ болесника”, Југословенски педијатриски дани ’96, са мегјународним учешчем, Зборник радова, стр. 504-506, Ниш, СР Југославија.
18. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Анчевска, Љ. Станковиќ, И. Двојаков (1996): „Имунодефицитен синдром со промени во однесувањето - приказ на случај”, Прв македонски имунолошки конгрес, Охрид 96, стр. 80.
19. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (1997): „Актуелни аспекти на здравственото воспитување на учениците”, Сепарат (1-14 стр.) на Проектот за здравствена едукација на родителите и учениците во организација на УСИС и ЦРС, Скопје.
20. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Апостолоски, С. Николова (1997): “Isochromosome for the long arm of X: A human mosaic 46,XX/46X,и(Xq)”, International Confress Pediatric in the Communities - 2000+, Jerusalem, Israel, Book of Abstracts, стр. 276.
21. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Апостолоски, С. Николова (1997): “Cystogenetic Aspects of mental retardation”, International Congress Pediatric in the Communities - 2000+, Jerusalem, Israel, Book of Abstracts, стр. 368, П-556.
22. **Ќаева-Пејковска М**., Апостолоски Б., Николова С. (1997): „Улогата на генетскиот наод во докажувањето на ирадијациониот синдром”, Зборник на резимеа од Првиот македонски симпозиум по судска психијатрија, Охрид/97 стр. 31.
23. **Ќаева-Пејковска М**., Апостолоски Б., Николова С., Пејковска-Димовска С. (1997): „Улогата на генетиката во форензичната психијатрија”, Зборник на резимеа од Првиот македонски симпозиум по судска психијатрија, стр. 19, Охрид/97.

24. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Апостолоски, С. Николова. (1997): „Спинална мускулна атрофија са хромозомским комплементом 46,XS,2(inv);Dp-", Југословенски педијатриски дани '97, са медјународним учешчем, Ниш, СР Југославија, Зборник радова, стр. 47.
25. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Апостолоски, Д. Ефински, С. Николова (1997): „Улогата на медико-генетското советувалиште со цитогенетска лабораторија во раната детекција и превенција на лица со пречки во психофизичкиот развој", објавено во „Дефектолошка теорија и практика", Скопје, бр.1/97, стр. 35-41, УДК 376, ИССН 1409-6099.
26. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (1998): „Влијанието на стресот врз психонеуро-имунолошкиот систем и појавата на болест", Македонски имунолошки денови, Охрид, Зборник на апстракти.
27. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Апостолоски Б., Николова С. (1998): „Психосоцијалните аспекти на генетската консултација" I. Конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, Зборник на апстракти, стр. 69.
28. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, (1998): "Stress and Psychosomatic Disorders at Children in the Prescool Age", Second World Congress on Stress, Melbourne, Australia, Book of Abstracts, P-152.
29. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Апостолоски Б., Николова С. (1998): „Хромозомскиот мозаицизам кај Дауновиот синдром - наши согледувања" II. Конгрес на педијатрите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид, Зборник, стр.69.
30. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Апостолоски Б., Николова С. (1998): „Перицентрична инверзија, Inv (9) (q21p12), кај маж - Приказ на случај" II. Конгрес на биолозите на Македонија, со меѓународно учество, Охрид.
31. **Каева-Пејковска Мирјана** (1998): "Our experiences with Neurolepthic Therapy in Treatment of the Pschyical Development Problems at Children of Age until seven years", 11 European College of Neuropcharmacologs, Book of Abstracts, S245, P.2.102, Paris,France.
32. **Kaeva-Pejkovska Mirjana**, B. Apostoloski, S. Nikolova (1998): "Repetition of Trisomy 21 Down's Syndrome in the Same Family", International Congress of Pediatrics, Book of Abstracts, str.370, P-563, Amsterdam, Holland.
33. **Kaeva-Pejkovska Mirjana**, B. Apostoloski, S. Nikolova (1998): "Cytogenetic Aspects of Hereditary Psychophysical Disorders", International Congress of Pediatrics, Book of Abstracts, str. 368, P-556, Amsterdam, Holland.
34. **M.Kaeva-Pejkovska**, B.Apostolovski (1999): "Chromosome's Complement at Child with 47,XXX". XI World Congress of Psychiatry, Hamburg.
35. **M.Kaeva-Pejkovska**, S. Pejkovska-Dimovska (1999): "Imipramine Efficacy in the treatment of enuresis nocturne", 12$^{th}$ ECNP Congres, London.
36. **Mirjana Kaeva-Pejkovska**, Boro Apostolovski i Snezana Nikolova (1999): "Frekvencija gonosomnih aberacija kod mentalno retardirane dece-naša iskustva" Kongres Jugoslovenski Pedijatriski dani'99, sa medjunarodnim ucešcem, Niš, SR Jugoslavija.
37. **Mirjana Kaeva-Pejkovska** i Biljana Maricic-Jakimovska (1999): "Anoreksija u ranom detinjstvu" Kongres Jugoslovenski Pedijatriski dani'99, sa medjunarodnim ucešcem, Niš, SR Jugoslavija.
38. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Б. Апостолоски, Д. Ефински, С Николова (1999): „Хромозомски аберации кај деца на родители зависници од алкохол", Психијатрија данас 2/99, Београд, Југославија.
39. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Л Лукова-Георгиева, Б. Апостолоски, Д. Ефински, С. Димовска (1999): „Мозаичен Тарнеров синдром кај девојка и нејзиното психосоцијално прилагодување", Психијатрија данас, 3/99, Београд, Југославија.
40. **Мирјана Ќаева-Пејковска**, Снежана Пејковска-Димовска, Невенка Тренковска (1999): „Менталниот развој кај деца со аутистичен синдром", XV. Меѓународен конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, Зборник на трудови стр 273.

41. **Мирјана Ќаева-Пејковска**, Боро Апостоловски, Снежана Пејковска-Димовска (2000): „Медикогенетските аспекти на менталната ретардација во детска возраст", II. Конгрес на психијатрите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, Зборник на апстракти стр. 22, труд бр 030.
42. **Мирјана Ќаева-Пејковска**, Снежана Пејковска-Димовска, Данка Бошкова, Боро Апостоловски (2000): „Психосоцијални аспекти на генетската консултација кај лица со ментална субнормалност", II. Конгрес на психијатрите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, Зборник на апстракти стр. 69, труд бр 101.
43. **Ќаева-Пејковска М**. (2000): „Церебралната парализа, епилепсијата и менталната субнормалност", II. Конгрес на невролозите на Македонија, Охрид, Зборник на апстракти стр. 103.
44. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Бошкова Данка (2001): "Practiced methods in the cystogenetic laboratory – our experiences", 12. Congress Euro MedLab, Prague, Czech Republic.
45. **Мирјана Ќаева-Пејковска**, Боро Апостоловски (2001): „Генетскиот апсект кај децата со пречки во говорот", презентиран труд во МАНУ на Научен собир во организација на МАНУ и Заводот за слух говор и глас, Скопје.
46. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (2002) „Агнозии и диспраксии", објавен на стр. 15-21 во прирачникот „Менталното здравје и училишниот успех", издание на Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост", Скопје.
47. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (2002): „Интелектуален дефицит и гранични случаи", објавен на стр. 99-111 во прирачникот „Менталното здравје и училишниот успех", издание на Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост", Скопје.
48. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (2002): „Можности за адекватна рехабилитација и третман на деца со пречки во развојот", објавен во прирачник на Министерството за труд и социјална политика и Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ) и презентиран на семинар во Скопје.
49. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Боро Апостоловски, Светлана Богдановска (2003): „Менталната субнормалност во детска возраст-медикогенетски аспекти", презентиран труд на „Конференција 10 години студии по дефектологија во Македонија" со меѓународно учество.
50. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (2003): „Пречките во говорот и нивната генетска етиологија", презентиран труд на „Конференција 10 години студии по дефектологија во Македонија" со меѓународно учество, Охрид.
51. **Ќаева-Пејковска Мирјана** (2003): „Менталното здравје и траумите во услови на конфликт", презентиран труд на Меѓународен научен собир организиран од Фондацијата Фридрихт Еберт Штифтуг, Струга.
52. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2003): „Училишна инклузија за деца со посебни потреби, со посебен акцент на лицата со ментална субнормалност" презентиран труд на тркалезна маса „Образование за сите училишна инклузија на деца со посебни потреби", организиран од Educaid и Институтот за дефектологија при Филозофски факултет во Скопје.
53. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2003): „Епидемиолошките аспекти на менталната субнормалност во Република Македонија", докторска дисертација одбранета на Медицинскиот факултет во Скопје.
54. **Мирјана Ќаева-Пејковска** и сор. (2004): „Психометрискиот наод во проценката на лица со ментална субнормалност", Научен собир во организација на Филозофски факултет во Скопје со меѓународно учество, Скопје, 2004.
55. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Гучев З., Пејковска-Димовска С. (2004): „Етиолошките фактори за ментална субнормалност" презентиран на меѓународен конгрес во Ниш, Србија и Црна Гора.
56. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2004): „Ментална субнормалност", издавач „Графомак" Кичево, 246 стр. ISBN 9989-119-04X.
57. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Гучев З., Пејковска-Димовска С. (2004): „Инциденција и преваленција на менталната субнормалност кај деца на возраст до 18 години

во Република Македонија" труд презентиран на III. Конгрес на психијатрите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид.

58. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Гучев З., Пејковска-Димовска С. (2004): „Дистрибуција на етиолошките фактори кај деца со ментална субнормалност во Република Македонија" труд презентиран на III. Конгрес на психијатрите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид.
59. **Ќаева-Пејковска М**., Гучев З. (2004): "Mental retardation in children aged 1-18, in the Rupublic of Macedonia –incidence and prevalence" ECNP Congress, Prague, Czech Republic.
60. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2005): „Интелигенција и интелектуален дефицит" труд за обука на наставници за едукација за работа со деца со посебени потреби, презентиран во Министерството за образование, Скопје.
61. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2005): "Гранични случаи и потешкотии при учењето", труд за обука на наставници за едукација за работа со деца со посебни потреби, презентиран во Министерството за образование, Скопје.
62. **Ќаева-Пејковска Мирјана**, Л. Поповска, Б. Маричиќ Јакимовска, С.Николова, Н. Милосавчевиќ (2005): „Рана дијагностика на аутистично пореметување", презентиран научен труд на симпозиум „До каде сме со аутизмот во Македонија" организиран од Македонското научно здружение за аутизам, ГТЗ и Филозофски факултет, Скопје.
63. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2005): „Третман и рехабилитација на деца со пречки во развојот" презентиран труд на научно советување на Македонското лекарско друштво Здружение по училишна и универзитетска медицина, во Дојран.
64. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2006): „Можни причини за аутизам и аутистичен спектар", презентиран труд на семинар на тема „Работата со деца со аутизам и хиперактивност" во организација на ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје и УНИЦЕФ.
65. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2006): „Причинители за хиперактивноста и агресивноста кај децата" труд презентиран на семинар на тема „Работата со деца со аутизам и хиперактивност" во организација на ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје и УНИЦЕФ.
66. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2007): „Етиопатогенеза на менталната субнормалност во Република Македонија и улогата на примарната здравствена заштита во нејзиното рано откривање", труд презентиран на Конгресот на педијатрите на Република Македонија, Охрид, 18-19.09.2007.
67. **Ќаева-Пејковска М**., Пејковска-Димовска С. (2007): "The importance of early diagnosis of the autistic disorder" ECNP Congress, Prague, Czech Republic, Book of Abstracts 2007.
68. **Ќаева-Пејковска М**. Пејковска-Димовска С. (2007): „Значењето на раното откривање и третман на аутистичниот спектар" презентиран труд на Конгресот на лекарите по општа медицина на Република Македонија, Охрид, октомври 2007.
69. **Ќаева-Пејковска М**. (2008): "The brain damages and importance of early diagnosis of the Autistic disorder", ECNP Congress, Bled, Slovenia, Book of Abstracts.
70. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2008): „Педијатрија за студенти на Висока медицинска школа", рецензирана скрипта (учебно помагало), Висока медицинска школа, Битола.
71. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2008): „Практикум по педијатрија за студенти на Висока медицинска школа", учебно помагало, Висока медицинска школа, Битола.
72. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2008): „Родови студии", рецензирана скрипта, Универзитет Американ колеџ, Скопје.
73. **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2008): „Медицинска генетика", авторизирани предавања одржани на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во учебната 2008/2009 година.

***Коавторски трудови***

1. Д. Милованчев, **М. Ќаева-Пејковска**, Х. Лепчева, Л. Роглева (1986): „Респираторни инфекции кај децата од диспанзерски аспект", Македонски медицински преглед/86, Скопје, 15 (4); 48.

2. З. Тројачанец, Б. Анчевска, В. Хаџикостова, **М.Ќаева-Пејковска** (1986): „Утврдување на применливоста на методата на Матејка за одредување на апсолутната и релативната коскена маса кај деца од претшколска возраст”, Зборник на трудови - XII. Конгрес на лекарите на Македонија, Македонски медицински преглед, 40, суп.3, стр. 600-604, Охрид.
3. D. Milovancev, **M.Kaeva-Pejkovska,** N.Simonce (1987): “Efekat vakcinacije kod dece vakcinisane protiv morbila rubeole i parotitisa”, Zbornik radova, izd: Institut za imunobiologiju i virusologiju “Torlak”, Beograd i Zavod za zdravstvena zaštita na Zdravstven dom Skopje, str. 592-596.
4. З. Гучев, М. Кочова, Д. Донева, **М. Ќаева-Пејковска** (1991), Т. Христовски: “Auksološka analiza rasta u dece sa deficitom hormona rasta”, XXX Kongres Anthropologa Yugoslavije, Охрид.
5. З. Гучев, М. Кочова, Д. Донева, **М. Ќаева-Пејковска,** Т. Христовски (1991): “Karakteristike rasta kod dece sa neurosekretornom disfunkcijom”, XXX Kongres Anthropologa Yugoslavije, Ohrid.
6. Н. Јанева, Б.Анчевска, Л.Манева, И.Двојаков, С Стефаноски, **М.Ќаева-Пејковска** (1995): „Малигни тумори на дојката: можни ризични фактори”, Зборник - XIV. Конгрес на лекарите на Македонија, Македонски медицински преглед, 20/49, панел 18, труд 644, Охрид.
7. Б.Анчевска, Н. Јанева, **М.Ќаева-Пејковска,** И.Двојаков, С Стефаноски (1995): „Здравствено просветување и превенција од малигни тумори на дојката”, Зборник - XIV. Конгрес на лекарите на Македонија, Македонски медицински преглед, 20/49, панел 18, труд 643, Охрид.
8. Б. Апостоловски, А. Лаковски, **М.Ќаева-Пејковска,** С. Николовска, Д. Петровски, М.Трпковски (1995): „Мутагени ефекти на никотинот и неговите деривати (Н-Нитросамини) на човековиот геном”, Македонски медицински преглед и Здружение на психијатрите на Македонија, Зборник на трудови од Првиот конгрес на психијатрите од Македонија со меѓународно учество, стр.206, супл.19, Охрид.
9. С. Пејковска-Димовска, Т. Младеновиќ, Д. Мирчевска, **М.Ќаева-Пејковска** (1995): „Наши искуства во лекувањето на шизофрени болни со клозапин (Лепонеџ)”, Македонски медицински преглед и Здружение на психијатрите на Македонија, Зборник на трудови од Првиот конгрес на психијатрите од Македонија со меѓународно учество, стр.18, Т-023, супл. 19, Охрид.
10. С. Пејковска-Димовска, Б. Апостоловски, **М.Ќаева-Пејковска** (1995): „Цитогенетска анализа кај болни од шизофрена психоза”, Македонски медицински преглед и Здружение на психијатрите на Македонија, Зборник на трудови од Првиот конгрес на психијатрите од Македонија со меѓународно учество, стр.10, Т-034, супл. 19.
11. Б. Апостоловски, А. Лакоски, **М. Ќаева-Пејковска,** С. Николова (1996): „Мутагено и карциногено дејство на винил хлорид мономер кај човекот”, Прв конгрес на биолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Зборник, стр. 35.
12. Б. Анцевска, Н. Јанева, С. Стефаноски, Лј Бундовска, **М. Ќаева-Пејковска** (1996): “Prikupljanje informacija o zavisnosti od droge i ucestalost kod adolescenata” Jugoslovenski Pedijatriski dani ’96, sa medjunarodnim ućešćem, Zbornik radova, Niš, SR Jugoslavija.
13. S. Stefanovski, N. Janeva, B. Ancevska, **M. Kaeva-Pejkovska** (1996): “Kongenitalne anomalije u dojenačkoj smrtnosti u Makedoniji” Jugoslovenski Pedijatriski dani’96, sa medjunarodnim učešcem, Zbornik radova, Niš, SR Jugoslavija.
14. I Dvojakov, E. Bojadjieva, **M. Kaeva-Pejkovska** (1996): “Mogućnosti za rano otkrivanje i tretman dece za razvojnim anomalijama u pedijatriskoj praksi” Jugoslovenski Pedijatriski dani 96, sa međunarodnim učešćem, Zbornik radova, Niš, SR Jugoslavija.
15. Б. Анчевска, Н. Јанева, С. Стефановски, **М. Ќаева-Пејковска** (1996): „Психосоцијални фактори и бронхијална астма кај деца”, Прв македонски имунолошки конгрес, Охрид, Зборник стр. 58.
16. Б. Анчевска, Н. Јанева, С. Стефаносаки, **М. Ќаева-Пејковска** (1996): „Карактеристики на епидемиологијата на морбили”, Прв конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, Зборник на резимеа, стр. 132.

17. Б. Апостолоски, **М. Ќаева-Пејковска,** С. Николова (1997): „Рана детекција на хендикепираност кај лица со тризомија на 21 хромозом во цитогентската лабораторија при Заводот за ментално здравје на деца и младинци-Скопје". Објавено во „Дефектолошка теорија и практика", бр.4/97 година од стр. 46-50. UDK 376, ISSN1409-6099.
18. Б. Апостоловски, **М. Ќаева-Пејковска,** А. Лакоски, С. Николова (1998): „Фамилијарна аутозомна транслокација (13/14) кај родители со тризомично дете на 21-от хромозом". Објавено во „Дефектолошка теорија и практика", Скопје, бр.2/3, од стр. 45-48, УДК 376, ИССН 1409-6099.
19. Б. Апостолоски, **М. Ќаева-Пејковска** (1998): „Медикогенетското советување во планирањето на семејството", I. Конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија, со меѓународно учество, Охрид.
20. С. Пејковска-Димовска, **М.Ќаева-Пејковска,** Д. Мирцевска, В. Филовска (1999): "Suicidality among Schizophrenics", XI World Congress of Pcyhiatry, Hamburg.
21. С. Пејковска-Димовска, **М. Ќаева-Пејковска,** М. Јаковцевска-Кујундзиска, Т. Серафимова (1999): "Carbamazepine as Aduvant Therapy in the Treatment of Pcyhoses", 12[тх] ECNP Congress,London,UK.
22. Снежана Пејковска-Димовска, **Мирјана Ќаева-Пејковска,** Јовка Ѓеорѓиевска (1999): „Шизофрените болни и нивната работна способност", XV.Меѓународен конгрес на лекарите на Република Македонија, Зборник на трудови стр. 176, Охрид.
23. Б. Анчевска, В. Хаџикостова, М. Спировски, **М. Ќаева-Пејковска** (1985): „Акцелерациски тренд на телесна висина и телесна маса кај деца во градинка", II. Конгрес на здравствени домови на Југославија - Струга.
24. Апостолоски Б., **Ќаева-Пејковска М.**, Лаковски А., Николовска С. (1996): „Фамилијарна балансирана транслокација (Робертсонова) кај дете со тризомија на 21 хромозом", Прв конгрес на биолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, Зборник/96.
25. А Момировска, Д. Плашевска-Каранфилска, А. Димовски, Ѓ. Митев, **М. Ќаева-Пејковска** и Г.Д. Ефремов (2000): „Молекуларна дијагноза на фрагилен X синдром", Зборник на апстракти од семинар на дефектолози, Охрид, стр. 94.
26. Пејковска-Димовска С., Мирчевска Д., Јаковчевска-Кујунџиска М., **Ќаева-Пејковска М.** (2000): „Ургентни состојби кај шизофрени болни и нивниот третман", II. Конгрес на психијатрите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, Зборник на апстракти стр. 35, труд бр 053, јуни.
27. Пејковска-Димовска С., **Ќаева-Пејковска М.,** Филовска В., Матевска Л., Дивјак В. (2000): „Психоедукација за семејства со шизофрен болен", II. Конгрес на психијатрите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, Зборник на апстракти стр. 9, труд бр 013.
28. Данка Бошкова, Мирјана **Ќаева-Пејковска** (2001): "The role of the laboratory in the regularly diagnoses of mental subnormality" 12. Congress EuroMedLab, Prague, Czech Republic.
29. Данка Бошкова, **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2001): "Affecting of the sight in pregnancy at the patient with diabetic-case study ", 11[тх] Meeting of the European Association for the study of Diabetic Ese Complications (EACDEC), Paris.
30. Данка Бошкова, **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2001): "Photocoagulation during diabetic retinopatys – our experience" 11[тх] Meeting of the European Association for the study of Diabetic Ese Complications (EACDEC), Paris.
31. Пејковска-Димовска С., Гајдаѕис-Кнежевиќ С., **Ќаева-Пејковска М.** (2004: „Интегративен третман на психијатриски пациенти во заедница" труд презентиран на III. Конгрес на психијатрите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид.
32. Пејковска-Димовска С. Гајдаѕис-Кнежевиќ С. **Ќаева-Пејковска М.** Зафировска Е. Виденова В. (2004): „Капацитети и потенцијали на хоспитализирани шизофрени болни за реинтеграција во заедницата" труд презентиран на III. Конгрес на психијатрите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид.

33. Снежана Пејковска-Димовска, Вилма Најденова-Угриновска, **Мирјана Ќаева-Пејковска** (2004): "Pcyhoeducation for schizophrenic patients in the process of rehabilitation", Pcyhiatric Congress,Prague,Czech Republic.
34. Снежана Пејковска-Димовска, **Ќаева-Пејковска Мирјана,** Мира Мирга-Гиновска (2005): "Maprotiline in the tyreatment of depression" 16[тх] ECNP Congress,Prague, Czech Republic.
35. Пејковска-Димовска С. **Ќаева-Пејковска М.** (2007): „Психогеријатриско советување со домашно лекување". Прифатен и рецензиран труд на Конгрес на лекарите по општа медицина на Република Македонија, Охрид, октомври 2007.
36. Пејковска-Димовска С. **Ќаева-Пејковска М.** (2007): "Pcychoeducation for schizophrenic patients in the process of rehabilitation" 17[тх] ECNP Congress, Prague, Czech Republic, Book of Abstracts 2007.
37. Зафировски Љ, Дума Ф, Саболиќ В, Димитрова Л, **Ќаева-Пејковска М,** Јотовска О, Аџиевска О, Тилев М: „Мускулна дистрофија (Flopps infant sindrom=FIS) кај деца со долно респираторни инфекции (ДРИ)", презентиран труд на IV. Конгрес на невролози на Македонија со интренационално учество, Охрид, септември, 2008.
38. Зафировски Љ, **Ќаева-Пејковска М,** Трпеска-Попоска Л, Јотовска О, Ралева М, Јеремиќ М, Зафирова Е, Ристевска Г, Митев Ѓ: „Нутритивен статус кај деца со ментална ретардација", презентиран труд на IV. Конгрес на невролози на Македонија со интренационално учество, Охрид, септември, 2008.

***Проектни активности***

1. Соработник истражувач во проектот „Клиничко неврофизиолошки истражувања кај хередо-дегенеративните заболувања", што се спроведува во периодот 1995-1999 година во соработка со Клиника за неврологија при Медицинскиот факултет во Скопје.
2. Соработка во проектот „Изучување на молекуларните основи на фрагилниот X ментално ретардирачки хромозом", се спроведува во Македонската академија на науките и уметностите од 1998 година.
3. Сорабока во проектот „Изучување на молекуларните основи на а таласемија - ментално ретардирачкиот синдром (ATR-X синдром)", се спроведува во Македонската академија на науките и уметностите од 1998 година.
4. Проект-администратор на проектот „Рано откривање и развој на стратегијата за психосоцијална интервенција кај училишни деца со ризик", во организација на УНИЦЕФ и Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" Скопје при Здравствен дом на Скопје, 1999-2001 година.
5. Проект-администратор на проектот „Можеме заедно" во организација на Институтот Отворено општество и Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" Скопје при Здравствен дом на Скопје, 2001-2002 година.
6. Проект-администратор на проектот „Психосоцијална поддршка на внатрешно раселени мајки и деца" реализиран во 2001-2002 година во организација на УНИЦЕФ и Заводот за ментално здравје на деца и младинци „Младост" Скопје.
7. Соработка во Проектот „Унапредување на згрижувањето и третманот на деца со пречки во развојот", Министерството за труд и социјална политика и Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ) Скопје, 2002-2004 година.
8. Член на Стручен тим на Проектот за обука на наставници за едукација за работа со деца со посебни потреби, организиран од Министерството за образование, финансиран од Владата на Холандија (2005-2010).

***Наставна активност***

Како професор д-р Мирјана Ќаева-Пејковска има повеќе наставни, едукативни и здравствено-воспитни активности како генетски консалтинг-предвидување на идно здраво потомство, следење на постапка за амниоцентеза, едукација на студенти - одржување предавања и вежби од обласа на генетиката и педијатријата и друго.

Под нејзино раководство, како ментор и едукатор, се подготвувани повеќе магистерски, специјалистички, дипломски и постдипломски трудови од областа на педијатријата и генетиката и се остварувани едукативни турнуси во рамките на Заводот за ментално здравје за специјализанти по педијатрија, школска медицина, хигиена, социјална медицина и клиничка психологија.

Доцент д-р Мирјана Ќаева-Пејковска е надворешен соработник на Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при Македонската академија на науките и уметностите. Таа соработува со Медицинскиот факултет - Скопје, Филозофскиот факултет - Скопје, Институтот за дефектологија и Институтот за психологија, со Педагошкиот факултет и со Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и други.

Согласно со прописите е определена за ментор и едукатор за едукација на докторите по медицина и за спроведувањето на нивниот приправнички стаж. Има завршено и епилептолошка школа во рамките на Клиничкиот центар во Скопје и е оспособена за практична примена на современите знаења од областа на епилептологијата и апликацијата на современите фармаколошки средства и достигнувања од оваа област.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, Комисијата констатира дека кандидатката покажува постојан и прогресивен стручен и научен развој и се оформува во квалитетен универзитетски научник и наставник.

Изразениот перманентен интерес за научноистражувачка работа на кандидатката се потврдува со бројните објавени научни и стручни трудови поднесени на увид до Комисијата. Нејзината научноистражувачката работа е континуирана и ја потврдува ориентацијата кон непосредната и пошироката област и проблематиката којашто се однесува на предметите за коишто конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека д-р Мирјана Ќаева-Пејковска ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Советот на Факултетот за медицински **науки д-р Мирјана Ќаева-Пејковска да биде избрана во звање насловен вонреден професор за наставно-научното подрачје *медицинска генетика* и *хистологија со ембриологија.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Силјановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, член, с.р.**

## ПРИЛОГ

### Табела за вреднување на активностите на д-р Мирјана Ќаева-Пејковска

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта 2x8=16 | 2 | 8 | **16** |
| Интерна скрипта од предавања 1x4=4 | 1 | 4 | **4** |
| Итерна скрипта од вежби 1x2=2 | 1 | 2 | **2** |
| Издавање на наставни содржина и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.) 1x6=6 | 1 | 6 | **6** |
| Научнопопуларна статија во весник, учество во РТВ програма 4x0,5=2 | 4 | 0,5 | **2** |
| Ментор на одбранета магистерска работа 1x3=3 | 1 | 3 | **3** |
| Ментор на одбранета специјалистичка работа 1x2=2 | 1 | 2 | **2** |
| Ментор на одбранета дипломска работа (макс.7) 10x1=10 | 7 | 1 | **7** |
| Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа 2x1=2 | 2 | 1 | **2** |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа (макс. 7) 7x0,2=1,4 | 7 | 0,2 | **1,4** |
| Раководител на семинар 4x2=8 | 4 | 2 | **8** |
| Воведување нов специјален (стручен) наставен предмет 2x3=6 | 2 | 3 | **6** |
| Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) 7x1,5=10,5x2=21+3=24 | 7 x1,5 | 1,5 x2+3 | **24** |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) 6x0,2=3x2=6 | 6 | 0,2 x3 | **6** |
| **Вкупно НО** | | | **89,4** |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | |
| Монографија или научна книга 1x10=10 | 1 | 10 | **10** |
| Дел од монографија или научна книга 1x6=6 | 1 | 6 | **6** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир 26x1=26 и 18x2=36 | 26<br>18 | 1<br>2 | **26**<br>**36** |
| Пленарно предавање на научен собир 1x3=3 | 1 | 3 | **3** |
| Одржано предавање по покана на научна институција, 1x2=2 | 1 | 2 | **2** |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) 17x1=17 и во странство 12x2=24 | 17<br>12 | 1<br>2 | **17**<br>**24** |
| Учесник во научен проект (макс. во три проекти) 8, 3x2=6 | 3 | 2 | **6** |
| Член на организационен или научен одбор на научен собир, =1 | 1 | 1 | **1** |
| Студиски престој во странство 1x8=8 | 1 | 8 | **8** |
| **Вкупно НИ:** | | | **139** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Пленарно предавање на стручен собир 1x2=2 | 1 | 2 | **2** |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) 4x1=4 | 4 | 1 | **4** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учесник во научен проект (максимум во три проекти) во 8 или 3x5=15 | 3 | 5 | **15** |
| Елаборати и експертизи 2x2=4 | 2 | 2 | **4** |
| Стручни награди и признанија 2x4=8 | 2 | 4 | **8** |
| Раководител на завод | | 3 | **3** |
| Член на институтски орган, комисија | | 2 | **2** |
| **Вкупно САОР** | | | **38** |
| **ВКУПНО** | | | **266,4** |